ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

АКЦИОНЕН ПЛАН
за 2023 година за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021 - 2026



Штип,
Декември, 2022

Нарачател:
Центар за развој на Источен плански регион
ул. „Ванчо Прке“ бр. 119, 2 кат, 2000 Штип
Т: +389 32 386 408, +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
И: www.eastregion.mk

„Оваа публикација е подготвена со поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка и Министерството за локална самоуправа. Содржината на оваа публикација не ги одразува погледите и ставовите на горенаведените институции“

Врз основа на член 10 став 3, член 14 став 1, член 22 став 1 алинеа 3 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. весник на РМ бр. 24/21 и 174/21) и член 2 став 1 алинеа 3 од Деловникот за работа на Советот за развој на Источен плански регион бр. 02-206/1 од 29.06.2021 година, а во врска со член 30 став 1 алинеа 2 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ. бр. 24/21 и 174/21), Советот за развој на Источниот плански регион на седницата одржана на ден 20.12.2022 година донесе АКЦИОНЕН ПЛАН за 2023 година за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021 – 2026.

Содржина

1. ВОВЕД 5
1.1. Законски основ за подготовка на Акциониот план 5
2. ПРИМЕНЕТА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА АКЦИОНИОТ ПЛАН 6
3. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТИТЕ НА РЕГИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА ИСТОЧНИОТ РЕГИОН ЗА 2023 ГОДИНА 7
4. ПРИОРЕТИЗИРАЊЕ НА МЕРКИТЕ/ ПРОЕКТИТЕ СПОРЕД НИВОТО НА ЗНАЧЕЊЕ И ИТНОСТ ЗА НИВНОТО ИЗВРШУВАЊЕ ЗА ДАДЕНИОТ ПЕРИОД (ВКЛУЧИТЕЛНО И ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ) 11
5. ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ И ИЗВОРИТЕ ЗА НИВНО ФИНАНСИРАЊЕ 13
6. ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА МОДЕЛИ НА ИНТЕРАКЦИЈА ПОМЕЃУ ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА 16
6.1. Регионални форуми 16
6.2. е-Идеја 17
6.3. Директен контакт со засегнатите страни преку е-пошта за пополнување на структуиран прашалник 17
7. ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА И АЛАТКИ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ 17
8. АНАЛИЗА НА МОЖНИТЕ РИЗИЦИ 18
9. НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ НА РЕГИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ 20
ПРИЛОГ 1. АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА 2023 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021 - 2026 22
ПРИЛОГ 2. ПРИОРИТЕТИ, МЕРКИ И ИНДИКАТОРИ ВО ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ИПР 2021 - 2026 64
ПРИЛОГ 3. ПРАШАЛНИК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021 – 2026 83

1. ВОВЕД

Потребата за планирање на проектните активности на Центарот за развој на Источниот плански регион (ИПР) на годишно ниво се наметнува поради остварување на развојните цели предвидени во регионалните и националните стратешки документи со кои се креираат политиките на рамномерниот регионален развој на национално ниво. Регионалниот развој е процес во којшто различни регионални засегнати страни учествуваат во дефинирањето, одлучувањето и спроведувањето на утврдени развојни цели заради намалување на диспаритетите во развојот помеѓу и во рамките на планските региони без да го нарушат постоечкиот економски, социјален и еколошки капитал.

Стратешката рамка за рамномерен и одржлив развој на националната економија и општеството во целина ја чинат Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/21 и 174/21) и поврзаните подзаконски акти заедно со регулативата во неколку други сектори и Стратегијата за регионален развој на државата за периодот 2021 – 2031 (Службен весник бр. 76/2021). Сето ова претставува појдовна основа за подготовка на Акциониот план за реализација на Програмата за развој на Источниот регион 2021 – 2026 во 2023 година.

Целта на изготвувањето на овој Акционен план е да даде насока во развојниот пат на Источниот регион кон подобро разбирање на начинот на којшто се остварува одржливиот развој преку рефлектирање на потребите генерирани во визијата на регионот и заедничките приоритети на различните заинтересирани страни на локално, регионално и национално ниво и нивна операционализација преку мерки и активности/ проекти.

1.1. Законски основ за подготовка на Акциониот план

Основата за подготовка на Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на планските региони е утврдена во член 14 став 1 и став 2 од Законот за рамномерен регионален развој, кој предвидува донесување на годишни Акциони планови за спроведување на Програмата за развој на регионот.

Самата содржина на Акциониот план е уредена со Правилникот за Методологијата за изработка на планските документи за регионалниот развој (Сл. Весник бр. 219 од 23.09.2021). Членот 30 на оваа Методологија кој се однесува на Спроведување на програмата за развој ги содржи следните алинеи:

(1) Акциониот план (АП) е документ за спроведување на Програмата за развој

(2) АП ги содржи следните поглавја:

1. Кус вовед со образложение за законскиот основ за подготовка на АП
2. Опис на применетата методологија за подготовка на АП
3. Расчленување на планираните стратешки цели, приоритети и мерки со дефинираните индикатори во контекст на идентификување на фазите кога треба да се постигнат
4. Приоретизирање според нивото на значење и итност за нивното извршување за дадениот период (вклучително и финансиски трошоци и човечки ресурси)
5. Подготовка на финансиски план на стратешки цели, приоритети и мерки и идентификување на изворите на финансирање
6. Идентификување на модели на интеракција помеѓу актерите во спроведување на Програмата
7. Начин на информирање на јавноста
8. Анализа на ризикот
9. Други елементи согласно потребите

(3) При подготовка на АП се води се води сметка за родово одговорно буџетирање

Процесот за изработка на Акциониот план е координиран од страна на тимот на Центарот за развој на Источниот плански регион, како институција која што учествува во планирањето на регионалниот развој и спроведувањето на планските документи за регионален развој.

2. Применета Методологија за подготовка на Акциониот план

Процесот на изготвувањето на Акциониот план, Центарот за развој на Источниот плански регион (ЦРИПР) го спроведе во координација со засегнати страни од Источниот регион. Согласно обврските од Законот за рамномерен регионален развој, Центарот за развој на Источниот плански регион го координира процесот на изработка и спроведување на Програмата за развој на планскиот регион и подготвува годишни акциони планови. При изработката на Акциониот план на Програмата за 2023 година се водеше сметка за родово одговорното буџетирање согласно барањата од Правилникот за Методологијата.

Методологијата за изготвување на Акциониот план, го втемелува на здрава основа односот со релевантните засегнати страни во регионот на транспарентен и сеопфатен начин преку нивно директно учество и придонес во процесот на изработка, но исто така и во процесот на спроведувањето. Самиот процес на изготвување на акциониот план и програмата и вклученоста на засегнатите страни служи како основа за зајакнување на реалната функција на ЦРИПР, односно неговата координативна улога во спроведувањето на плановите и програмите, промоција на развојните можности на планскиот регион и обезбедување на стручна и техничка поддршка на засегнатите страни на регионално ниво (јавен, приватен и граѓански сектор).

На самиот почеток и во текот на процесот на изготвување на Програмата беа дефинирани принципите по кои истата ќе биде реализирана, и тоа:

- Следење на законската рамка
- Транспарентност
- Навремено пријавување и учество на сите засегнати страни (општини, ЈКП, јавни институции, граѓански и приватен сектор)
- Активно учество на засегнатите страни преку идентификување и споделување на стратешки документи како инпут во анализата на состојбата, давање на идеи и сугестии на самите работилници, како и давање на коментари и забелешки на нацрт документите / Финалната конференција, при што секој придонес е важен.

Во целиот процес горенаведените принципи беа запазени преку:

1. Отворен пристап во работата (јавност)
2. Понудено учество на сите засегнати страни
3. Можност за целосна вклученост во процесот
4. Усогласување и координација и
5. Давање заеднички предлози и постигнување на заеднички заклучоци.

Методологијата за изработка на Акциониот План како стартна основа го зема петгодишниот Акциониот План 2021 – 2026 за спроведување на Програмата за развој на Источниот регион 2021 – 2026 и проектите што веќе се идентификувани во рамки на процесот на нејзина подготовка.

За да се обезбеди дополнително учество, ЦРИПР подготви Прашалник за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион 2021 – 2026/ изработка на

акционен план за 2023 година, кој беше испратен по е-пошта до сите засегнати страни (општини, ЈКП, јавни институции, граѓански и приватен сектор) согласно листите на учество во процесот на изработка на Програмата и регистрите на ЦРИПР. Прашалникот содржи подетални информации за проектите што пооделни засегнати страни планираат да ги спроведат во текот на 2023 година согласно своите акциони планови и буџети. Вкупно 8 институции од сите сектори (јавен, приватен и граѓански) доставија подетални информации за вкупно 28 проекти за кои имаат дефинирано буџет. Прашалникот вклучуваше: Краток опис на проектот; Планирани активности во проектот; Очекувани резултати од проектот; Клучни индикатори; Временски период за спроведување; Буџет; Извор на финансирање; Информација за тоа дали буџетот е обезбеден; Одговорна институција за спроведување на проектот; Партнерски организации и индикација за итноста за спроведување. Прашалникот е даден во Прилог 3.

На овој начин ЦРИПР собра подетални информации за секој од проектите и во тој процес имаше активна комуникација со сите засегнати страни во врска податоци/ информации кои недостасуваа и/или обезбедување на појаснувања за проектот.

Сите проекти, потоа беа класифицирани во соодветната Стратешка Цел/ Приоритет и Мерка пратејќи го форматот на Акциониот План 2021 – 2026 за спроведување на Програмата за развој на ИПР. Табелата со Акциониот План 2023 е дадено во Прилог 3.

Во Акциониот План се разликуваат 6 типа на проекти и истите се означени со различна арбитрарно избрана боја заради полесна навигација, и тоа проекти што се:

- Приоритет во Стратегија за регионален развој на РСМ 2021 - 2031
- Проект во Акционен план 2023 што се спроведува од страна на ЦРИПР
- Проект во Акционен план 2023 за кој има буџет, но НЕМА обезбедно извори на финансирање
- Проект во Акционен план 2023 за кој има буџет и ИМА обезбедно извори на финансирање
- Проект кој се однесува на родовите аспекти
- Проекти од Акциониот План 2021 - 2026 за кој НЕМА буџет и НЕМА обезбедено извори на финансирање

Процесот за изработка на Акциониот план за 2023 година се спроведе во рамки на предвидените законски рокови.

3. Стратешки цели, приоритети и мерки за спроведување на приоритетите на регионалниот развој на Источниот регион за 2023 година

Програмата за развој на Источниот плански регион 2021 – 2026 е базирана на основниот концепт на политиката на регионален развој: развивање и спроведување на полицентричен модел на развој и поаѓа од насоките за развој на регионот опишани во националната Стратегија за рамномерен регионален развој 2021 – 2031 како и од развојните цели и приоритети на општините во рамки на регионот. Во согласност со законската регулатива, оваа Програма, а со тоа и Акциониот План 2023 како нејзин составен дел, има за цел да обезбеди:

- Одржлив развој на конкурентна и иновативна регионална економија
- Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги
- Одржливо управување со животната средина и природните ресурси
- Поголема конкурентност на земјоделството и подобар квалитет на живот во руралните средини
- Понатамошно зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација.

Во процесот на изработка на Програмата за развој на ИПР 2021 – 2026 беше утврдена развојната визија на регионот која гласи:

Источен плански регион е конкурентна и динамична средина во која се искористуваат потенцијалите, развиваат квалитетни човечки ресурси, се води грижа за одржливиот развој со задоволни и среќни луѓе.

Врз основа на SWOT анализата и утврдената визија, 21 приоритети во остварувањето на среднорочните стратешки цели на развојот се прикажани во Табела 1.

Табела 1. Стратешки цели и приоритети во Програмата за развој на ИПР 2021 - 2026

Стратешки цели	Приоритети
Стратешка Цел: 1: Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот	Приоритет 1.1: Поттикнување на домашните инвестиции и привлекување на странски инвестиции во сектори со конкурентска предност
	Приоритет 1.2: Подобрување на конкурентноста и иновацискиот потенцијал на постојните претпријатија
	Приоритет 1.3: Поттикнување на претприемништвото и самовработувањето
	Приоритет 1.4: Подобрување на просторното и урбанистичко планирање и осовременување на инфраструктурата
	Приоритет 1.5: Постигнување на поголема продуктивност и конкурентност на работната сила преку унапредување на нејзините вештини и компетенции
Стратешка Цел 2 - Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги	Приоритет 2.1: Зајакнување на капацитетите за образование и социјална заштита
	Приоритет 2.2: Создавање услови за квалитетно образование
	Приоритет 2.3: Зголемување на социјалната инклузија на сите ранливи категории
	Приоритет 2.4: Подобрување на условите во здравствените установи во регионот
Стратешка цел 3 – Одржливо управување со животната средина и природните ресурси	Приоритет 3.1: Интегриран систем за управување со отпадот и промоција на циркуларна економија
	Приоритет 3.2: Управување со заштитени подрачја и заштита на биодиверзитетот
	Приоритет 3.3: Заштита на воздухот, водата и почвата
	Приоритет 3.4: Справување со последиците од климатските промени
	Приоритет 3.5: Промоција на енергетска ефикасност (ЕЕ) и искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ)
Стратешка цел 4 – Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини	Приоритет 4.1: Зголемување на производствени капацитети преку воведување на нови технологии и практики за подобрување на конкурентноста на земјоделското производство
	Приоритет 4.2: Воспоставување на агро-индустриска зона за Источниот регион

	Приоритет 4.3: Промоција на родова еднаквост и диверзифицирање на економските активности во руралните средини
	Приоритет 4.4: Подобрување на квалитетот на живот во селата, подрачјата со специфични развојни потреби и подрачја во фаза на сериозна депопулација
Стратешка цел 5 – Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација	Приоритет 5.1: Зајакнување на капацитетите за развој на туризмот
	Приоритет 5.2: Подобрување на туристичката инфраструктура во регионот
	Приоритет 5.3: Создавање и промоција на интегрирана регионална туристичка понуда

Со мерките предвидени ќе се искористат силните страни како основа за реализација на можностите за развој кои стојат на располагање на регионот, со едновремен обид за надминување на слабостите и амортизација на заканите како пречка за развојот на регионот.

Инструментите за поддршка на развојот (национални и меѓународни) во 2023 година ќе бидат искористени за постигнување на одржлив развој преку подобрување и унапредување на инфрастуктурните услови, заштита на животната средина, подобрување на условите за развој на претприемништвото, инвестирање во човечките капацитети, зголемување на искористеноста на природните ресурси во регионот во насока на зголемување на енергетската ефикасност, развој на регионални културни иницијативи, меѓународна соработка и преку потесно поврзување на засегнатите страни во регионот во сите релеванти области за развој на истиот.

Акциониот план за имплементација за стратешките цели и приоритети на Програмата за развој на Источниот плански регион во 2023 година дава преглед на мерките и активностите кои Центарот за развој на Источниот плански регион заедно со другите чинители на регионалниот развој планира да ги оствари согласно ресурсите што ги поседува и достапните финансиски средства неопходни за спроведување на поединечните активности, а во согласност со насоките дадени од страна на носителите на одлуките за рамномерен регионален развој на регионално и национално ниво. Сето тоа ќе биде следено преку конкретни индикатори за изведба коишто ќе произлегуваат од соодветни извори на информации за нивна верификација.

Предложените индикатори за следење на спроведувањето на мерките во рамките на Стратешките цели од Програмата за развој на Источниот регион 2021 – 2026 се прикажани во Табелата 2 подолу.

Табела 2. Стратешки цели и индикатори во Програмата за развој на ИПР 2021 - 2026

Стратешки цели	Индикатори
Стратешка Цел 1 - Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата,	1.1. Структура на бруто домашен производ по глава жител (%) 1.2. Структура на бруто додадена вредност (%) 1.3. Структура на инвестиции во основни средства (%) 1.4. Број на активни деловни субјекти по региони 1.5. Процент од вкупно одобрените проекти на ФИТР по плански региони (%) 1.6. Стапка на слободни работни места (%)

привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот	1.7. Густина на регионалната патна инфраструктура (km'/1000 km2) 1.8. Локална патна инфраструктура (km') 1.9. Стапка на активност млади (%) 1.10. Процент од населението покриено со јавен водовод (%) 1.11. Процент од населението покриено со систем за собирање на отпадни води (%) 1.12. Процент од населението покриено со систем за третман на отпадни води (%) 1.13. Вкупна должина на водоводна мрежа која треба да биде обновена (km) 1.14. Население поврзано со систем за одведување на урбани отпадни води 1.15. Популација поврзана со систем за пречистување отпадни урбани води (еквивалент жители) 1.16. Број на усвоени просторни планови на регион/год. 1.17. Број на усвоени просторни планови на општина/год. 1.18. Број на усвоени урбанистички планови/год.
Стратешка Цел 2 - Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги	2.1. Просечно исплатена нето-плата по вработен (во денари) 2.2. БДП по вработен (во милиони денари) 2.3. Стапка на активност (%) 2.4. Стапка на вработеност (%) 2.5. Стапка на невработеност (%) 2.6. Стапка на сиромашни лица, % од населението, по плански региони 2.7. Комбиниран индикатор (AROPE), стапка на сиромашни или социјално исклучени лица, %, по плански региони 2.8. Стапка на млади лица (15-29 години) кои не се вработени ниту се вклучени во процесот на образование или обука (NEET), %, по плански региони 2.9. Деца на возраст од 0 до 5 години во детски градинки, (%), по плански региони 2.10. Корисници на гарантирана минимална помош над 18 години, на 000 население, по плански региони 2.11. Број на општи матични лекари на 1.000 осигуреници, по плански региони 2.12. Број на матични гинеколози на 1.000 жени осигуреници, по плански региони 2.13. Број на матични стоматолози на 1.000 осигуреници, по плански региони 2.14. Број на засолништа за жртви на родово засновано насилство 2.15. Формирани регионални центри за стручно образование и обука

Стратешка цел 3 – Одржливо управување со животната средина и природните ресурси	3.1. Дополнителен инсталиран капацитет од ОИЕ (MW) 3.2. Потрошувачка на енергија во домаќинствата по жител (kWh/жител) 3.3. Број на изградени регионални депонии и нивни составни делови за управување со отпад 3.4. Процент (%) на рециклиран отпад (кг) од вкупниот комунален отпад (кг) 3.5. Број на нови заштитени подрачја 3.6. Број на подготвени општински стратегии за климатски промени
Стратешка цел 4 – Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини	4.1. Учество на обработливата во земјоделската површина 4.2. Застапеност I и II класа од вкупниот број стопанства 4.3. Степен инвестирање од бруто додадена вредност = Просечни годишни инвестиции земјоделство/Просечна годишна бруто додадена вредност земјоделство 4.4. Учество на земјоделски стопанства кои можат да вршат наводнување = Број на земјоделски стопанства што можат да вршат наводнување/Вкупен број на земјоделски стопанства 4.5. Процентуално учество на жени носители на индивидуални стопанства = Број на индивидуални стопанства носител жена/Вкупен број на носители на индивидуални стопанства 4.6. Процентуално учество на жени во сезонската работна сила = Број жени сезонска работна сила/вкупен број на сезонска работна сила 4.7. Учество на населението од регионот во вкупното население во државата (%) 4.8. Густината на населеност го означува бројот на населението кое живее на одредена територија (жит./km²) 4.9. Стапка на природен прираст = разликата од наталитетот и морталитетот во однос со вкупниот број на населението (‰) 4.10. Тоталната стапка на фертилитет 4.11. Учество на млада популација до 14 години во вкупното население (%)
Стратешка цел 5 – Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација	5.1. Број на активни деловни субјекти по региони 5.2. Број на легла 5.3. Број на соба 5.4. Туристи по плански региони (домашни/странски) 5.5. Ноќевање на туристи, по плански региони (домашни/странски)

Поради опсежност, Приоритетите, мерките и соодветните индикатори од Програмата за развој на ИПР 2021 – 2026 се дадени во Прилог 2.

4. Приоретизирање на мерките/ проектите според нивото на значење и итност за нивното извршување за дадениот период (вклучително и финансиски трошоци и човечки ресурси)

Бројот на различни типови на проекти во Акциониот План 2023 по Стратешки Цели се дадени во Табела 2023.

Табела 3. Број на проекти по Стратешки Цели

Проекти	СЦ1	СЦ2	СЦ3	СЦ4	СЦ5	ВКУПНО
Проекти во Акционен план 2023 што се спроведуваат од ЦРИПР	6	1	3	3	5	**18**
Проекти во Акционен план 2023 за кои има буџет, но НЕМА обезбедено извори на финансирање	5	2	5	3	5	**20**
Проекти во Акционен план 2023 за кои ИМА буџет и ИМА обезбедено извори на финансирање	6	2	0	4	5	**17**
Проекти што се приоритети во Стратегија за регионален развој на РСМ 2021 – 2031	19	3	15	6	1	**44**
Проекти што се однесуваат на родовите аспекти	10	5	8	5	5	**33**
Проекти од Акциониот План 2021 - 2026 за кој НЕМА буџет и НЕМА обезбедено извори на финансирање	86	68	60	42	52	**308**
СЕ ВКУПНО	**132**	**81**	**91**	**63**	**73**	**440**
	30,00%	***18,41%***	***20,68%***	***14,32%***	***16,59%***	***100%***

Вкупниот број на проекти во Акциониот План 2023 изнесува 440, од кои најголем дел, вкупно 132 или 30% се однесуваат на Стратешка Цел: 1: Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот. Дополнително, овие проекти заедно со проектите од Стратешка цел 5 - Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација се во зрела фаза и најмногу за нив има подготвена техничка документација, а одговорните институции за нивно спроведување (пред сè, единиците на локалната самоуправа) имаат на располагање најмногу финансиски и човечки ресурси за нивно спроведување.

Бројот на проекти што се однесуваат на преостанатите стратешки цели се приближно рамномерно распоредени во опсег од 63 до 91 проекти, односно од 14,3% до 20,7%. Притоа на Стратешка Цел 4 - Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини отпаѓаат 63 (14,32%), додека на Стратешка Цел 3 - Одржливо управување со животната средина и природните ресурси отпаѓаат 91 (20,68%) проекти.

За да се обезбеди поврзаност на Програмата за развој на ИПР 2021 – 2026 со Стратегија за регионален развој на РСМ 2021 – 2031, во табелата се внесени и 44 приоритетни проекти кои ги спроведуваат надлежните министерства и агенции на национално ниво.

Во Акциониот План се внесени и 33 приоритетни проекти што се однесуваат на родовите аспекти, а кои го рефлектираат пристапот на родово одговорно буџетирање прифатен уште при изработката на Програмата за развој на ИПР 2021 – 2026.

Во Акциониот План 2023 се внесени и 308 проекти од Акциониот План 2021 - 2026 за кој НЕМА буџет и НЕМА обезбедено извори на финансирање, а кои сочинуваат 70% од вкупниот број на проекти кој изнесува 440. Истите треба да им послужат на различните засегнати страни како појдовна основа за формулирање на нивните проектни идеи.

Притоа треба да се напомене дека останатите засегнати страни, како што е приватниот сектор спроведува проекти (на пр. финансирани преку ИПАРД, ФИТР и сл.), но потешко споделува информации вклучително и за финансиските средства, додека граѓанскиот

сектор генерира идеи за проекти, но има потешкотии во обезбедување на финансиски средства за подготовка и кофинансирање на самите проекти.

5. Финансиски план на стратешки цели, приоритети и мерки и изворите за нивно финансирање

Во Акциониот План 2023 се внесени 55 проекти од Акциониот План 2021 - 2026 за кој има дефинирано буџет, а кои приближно сочинуваат 12,5% од вкупниот број на проекти. За 20 проекти или приближно 36% во моментот на изработка на Акциониот План 2023 нема обезбедено извори на финансирање. Најголем број на проектите за кои има дефинирано буџет се во Стратешка Цел 1 (вкупно 17 или речиси 31%) и Стратешка цел 5 (вкупно 15 или 27%). Истите се дадени во Табела 4, и тоа распределени по Стратешки Цели.

Табела 4. Број на проекти за кои има дефиниран буџет распределени по Стратешки Цели

Проекти	СЦ1	СЦ2	СЦ3	СЦ4	СЦ5	ВКУПНО
Проекти во Акционен план 2023 што се спроведуваат од ЦРИПР	6	1	3	3	5	**18**
Проекти во Акционен план 2023 за кои има буџет, но НЕМА обезбедено извори на финансирање	5	2	5	3	5	**20**
Проекти во Акционен план 2023 за кои ИМА буџет и ИМА обезбедено извори на финансирање	6	2	0	4	5	**17**
СЕ ВКУПНО	**17**	**5**	**8**	**10**	**15**	**55**
	30,91%	***9,09%***	***14,55%***	***18,18%***	***27,27%***	***100%***

За проектите за кои има дефинирано буџет, направен е финансиски план по Стратешки Цели и Приоритети од Програмата за развој на ИПР 2021 – 2026. Финансискиот план е прикажан во Табела 5 подолу.

Табела 5. Финансиски план според Стратешки Цели и Приоритети за проектите за кои има дефиниран буџет

	Приоритет1	Приоритет2	Приоритет3	Приоритет4	Приоритет5	ВКУПНО (МКД)	(%)
СЦ1	4.248.036	0	0	211.438.958	1.200.000	**216.886.994**	25,30%
СЦ2	0	0	61.800.657	8.302.500		**70.103.157**	8,18%
СЦ3	66.000.000	0	89.114.569	0	20.005.254	**175.119.823**	20,43%
СЦ4	0	14.593.244	3.700.000	47.009.165		**65.302.409**	7,62%
СЦ5	0	213.251.934	116.451.848			**329.703.781**	38,47%
					СЕ ВКУПНО	**857.116.165**	**100%**

Вкупната вредност на вкупно 55 проекти за кои има дефиниран буџет изнесува 857.116.165 МКД или приближно 14 милиони евра. Најголем дел од потребниот буџет е алоциран на Стратешка Цел 5: Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација во износ од 329.703.781 МКД или приближно 38,5%, односно приближно 5,36 милиони евра што повторно ги изразува приоритетите на регионот.

Приближно 25% или вкупно 216.886.994 МКД, односно речиси 3,53 милиони евра се потребни за Стратешка Цел 1: Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот што повторно ги рефлектира потребите на Источниот регион.

Најголема поединечна вредност по приоритети се алоцирани на Приоритет 5.2. Подобрување на туристичката инфраструктура во регионот во износ од 213.251.934 МКД или приближно 3,47 милиони евра и Приоритет 1.4. Подобрување на просторното и урбанистичко планирање и осовременување на инфраструктурата во износ од 211.438.958 МКД или приближно 3,44 милиони евра. Како трет најважен приоритет се јавува Приоритет 5.3. Создавање и промоција на интегрирана регионална туристичка понуда во износ од 116.451.848 МКД или приближно 1,9 милиони евра.

Како што може да се види од Табелата 5, за 8 од 21-те приоритети нема алоцирано средства и тоа за: П1.2; П1.3; П2.1; П2.2; П3.2; П3.4; П4.1; и П5.1.

Во Табела 6 е даден преглед на 385 проекти за кои нема дефиниран буџет и/или нема информации. Тука се внесени покрај проектите од Акциониот План 2021 – 2026 на Програмата за развој на Источен плански регион, и проектите што се приоритети во Стратегија за регионален развој на РСМ 2021 – 2031 кои ги спроведуваат националните институции и за кои воглавно недостасуваат информации, како и проектите што се однесуваат на родовите аспекти за кои нема дефиниран буџет.

Сепак Акциониот План 2023 треба да биде динамичен документ кој треба постојано да се ажурира и доколку се добијат дополнителни информации за одредени проекти истиот може да се ажурира.

Табела 6. Број на проекти по Стратешки Цели за кои нема дефиниран буџет и/или нема информации

Проекти	СЦ1	СЦ2	СЦ3	СЦ4	СЦ5	ВКУПНО
Проекти што се приоритети во Стратегија за регионален развој на РСМ 2021 – 2031	19	3	15	6	1	**44**
Проекти што се однесуваат на родовите аспекти	10	5	8	5	5	**33**
Проекти од Акциониот План 2021 - 2026 за кој НЕМА буџет и НЕМА обезбедено извори на финансирање	86	68	60	42	52	**308**
СЕ ВКУПНО	**115**	**76**	**83**	**53**	**58**	**385**
	29,87%	***19,74%***	***21,56%***	***13,77%***	***15,06%***	***100%***

Како извори за финансирање на рамномерниот регионалниот развој (РРР) се: буџетот на државата, буџетите на единиците на локалната самоуправа (општините), фондовите на Европската Унија, другите меѓународни извори, донациите и спонзорствата од физички и правни лица и другите средства утврдени со закон. За поттикнување на РРР од државниот буџетот годишно треба да се издвојуваат средства во висина од најмалку 1% од бруто-домашниот производ на државата. Финансирањето на рамномерниот регионален развој од Буџетот на државата се врши и преку програми што се реализираат од страна на ресорните министерства и другите органи на државната управа. Значењето на програмите за поттикнување на рамномерниот регионален развој се утврдува врз основа на проценка за придонес на програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони. Програмите задолжително го земаат во предвид степенот на развиеност на планските региони како еден од критериумите при доделување на средствата.

Со годишните програми за рамномерен регионален развој се уредува распределбата на средствата за поттикнување на рамномерен регионален развој утврдени во буџетот на РСМ.

Во Фискалната Стратегија за периодот 2023 – 2025 година утврдени се следните главни приоритети:

- Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- Справување со последиците предизвикани од светската пандемија предизвикана од корона вирусот;
- Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
- Развивање на одбранбена политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност;
- Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност;
- Квалитетно образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот;
- Модерна и ефикасна јавна администрација, базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти;
- Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување; и
- Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени.

Клучни елементи на среднорочната фискална политика претставуваат редизајнирањето и подобрената структура на јавните финансии, преку зголемено учество на капиталните расходи, како и етапната фискална консолидација, преку намалување на буџетскиот дефицит како процентуално учество во БДП и тоа: 4,3% во 2022 година, 3,5% во 2023 година, 2,9% во 2024 година, 2,5% во 2025 година и 2,2% во 2026 година. Примарниот буџетски дефицит исто така континуирано ќе се намалува од 3,0% од БДП во 2022 година до постигнување на ниво на 1,2% во 2026 година. Со цел зајакнување на фискалната дисциплина, среднорочната фискална стратегија воведува лимити на буџетските расходи и лимити по буџетски корисници.

Акциониот план на Фискалната стратегија предвидува активности кои започнаа со реализација во 2021 и 2022 година, а се спроведуваат од страна на надлежните национални институции во следниот период до 2024 во функција на подобрување на управувањето со јавните инвестиции. Конкретно, реформите кои постепено се воведуваат се во насока на подобрување на планирањето, алокацијата и спроведувањето на јавните инфраструктурни проекти, што придонесува кон поголема усогласеност на буџетските алокации со инвестициските приоритети на Владата, подобрување на сеопфатноста на буџетската документација со цел таа да ги вклучува сите јавни расходи за капитални инвестиции и информации за финансиските потреби на тековни и нови проекти, воведување на надзор над портфолиото на јавни инвестиции на национално ниво што вклучува следење и управување со целокупниот ризик во реализацијата.

Новиот финансиски пакет 2021-2027 се очекува да има зголемување од 6% во однос на претходниот ИПА 2 пакет. Фокусот на ИПА 3 се повеќе фондови за инвестиции преку грантови и заеми и зголемена конвергенција. Исто така, со ИПА 3, фокусот на Европската Унија е ставен на соработката со ЕИБ и ЕБРД, но и другите меѓународни финансиски институции, кои ќе нудат ткн. „leverage“ заеми. ИПА 3 треба да придонесе кон спроведување на „Економскиот и инвестициски план за Западниот Балкан“ усвоен на мајскиот самит 2020 во Загреб, за поттикнување на динамично среднорочно закрепнување, создавање на работни места и зголемување на трговската размена

помеѓу земјите од Западен Балкан и ЕУ, преку финансирање на големи инфраструктурни проекти во секторите транспорт, животна средина, дигитализација и енергетика, кои имаат регионална важност и поврзување, како и проекти зрели за спроведување во наредните 5 години.
Користењето на средствата од ИПА 3 се врши на национално и на регионално ниво. Користењето на средствата преку Инструментот за претпристапна помош ИПА 3 за периодот 2021-2027 година, предвидува 5 ткн. прозорци и тоа:

- Прозорец 1: Владеење на правото, фундаментални права и демократија
- Прозорец 2: Добро владеење, усогласување на законодавството, добрососедски односи и стратешка комуникација
- Прозорец 3: Зелена агенда и одржлива поврзаност
- Прозорец 4: Конкуретност и инклузивен раст
- Прозорец 5: Територијална и прекугранична соработка

На национално ниво, пакетот на финансиски средства ќе се движи во рамките на досегашните 80-100 милиони евра на годишно ниво. Во рамките на националниот пакет, фокусот останува на почетокот на преговорите, на прилагодување на администрацијата на забрзаното темпо на реформи и на координативните механизми кои треба да го придвижат процесот на преговори, согласно новата методологија за преговори, групирањето во кластери и усогласување на преговорите со користењето на ИПА средствата за потребите на процесот на преговори и структурните реформи во целото општество. Висината на финансиски средства на национално ниво ќе зависи од спремноста на администрацијата да подготви релевантни и зрели проекти кои произлегуваат од потребите на процесот на ЕУ интеграција, политичка посветеност во спроведување на овие проекти, бидејќи ИПА 3 е натпревар помеѓу земјите кориснички (земјите од Западен Балкан и Турција) во рамките на т.н. фер распределба („fair share“).

На регионално ниво, голем дел од најавените ИПА 3 средства ќе се пласираат преку регионалните програми наменети за поддршка на секторите транспорт, животна средина, енергетика, социјална поддршка и дигитализација. Затоа, за овие сектори ќе биде важно успешно да ги спроведуваат своите долгорочно развиени стратегии во кои се дефинирани националните приоритети, но и трендовите кои произлегуваат од Европската агенда, како што се дигитализацијата, широкопојасниот и брз интернет, енергетските проекти и трансформација кон декарбонизација, обновливи извори на енергија, гасна инфраструктура, циркуларна економија, чиста животна средина, гаранции за приватниот бизнис и сообраќајна поврзаност, итн. На нашата земја и понатаму ќе и стојат на располагање средства од Инвестициската рамка за Западен Балкан по принципот на т.н. спојување („blending“) на грантови и заеми.

Предност за финансирање ќе имаат зрели проекти, спремни за брзо спроведување. Притоа, новата фискална стратегија ќе биде порелаксирана во однос на позајмувањето на капитал од меѓународните финансиски институции.

6. Идентификување на модели на интеракција помеѓу засегнатите страни во спроведување на Програмата

6.1. Регионални форуми

Спроведувањето на регионалните форуми претставува еден модел и форма на консултација при креирањето на годишните предлог листи на проекти и спроведување на истите, со што во процесот се вклучуваат релевантни чинители од планскиот регион. Регионалните форуми се платформа, односно консултативен механизам во кој на структуриран начин различните засегнати страни ги дефинираат и избираат

приоритетите. Со оваа алатка се овозможува надминување на актуелниот пристап и модел на одлучување каде преовладуваат приоритетите на одредени општини и многу малку проекти имаат регионална димензија. Со цел да се промени овој пристап, во процесот на идентификување на приоритетните прашања се користи и дополнителен механизам преку кој граѓаните и заедницата даваат свои идеи за решавање на проблемите во нивниот регион, и по потреба учествуваат во нивното спроведување.

6.2. е-Идеја

Како друг модел на вклучување и интеракција на засегнатите страни е инкорпорирање на платформата е-Идеја на веб страните на ЦРИПР, преку која засегнатите страни даваат свои идеи, предлози за проекти, како и коментари за планските документи во процесот на дизајнирање на истите. Платформата е дизајнирана имајќи го предвид начелото на отчетност, односно засегнатите страни да добијат повратна информација за статусот на нивниот предлог, коментар или идеја.

6.3. Директен контакт со засегнатите страни преку е-пошта за пополнување на структуиран прашалник

Трет модел на вклучување, кој беше искористен при изработка на Акциониот План (опишан во Методологијата погоре) е директен контакт со засегнатите страни преку е-пошта, на кои им беше испратен структуиран прашалник, преку кој засегнатите страни дадоа подетални информации за проектите што планираат да ги спроведат, временската рамка, изворите на финасирање и партнерската структура, итноста, итн. На овој начин ЦРИПР како одговорна институција за спроведување на Програмата/ Акциониот план, има подобар увид во активностите за секој поодделен проект, за нивото на спремност на проектот (на пр. достапност на техничка документација) како и за тоа дали се обезбедени изворите на финансирање, и доколку да, од кои извори.

7. Информирање на јавноста и алатки за транспарентност

Со алатките за транспарентност се воведуваат минимум стандарди за транспарентност и се создаваат услови за надминување на утврдениот недостаток на финансиска транспарентност во работењето на планските региони. Согласно чл. 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Центарот за развој на Источниот плански регион (ЦРИПР) со воведување на алатките ги објавува и ажурира на нивните веб страни следните информации:

- ✓ Програма за развој на планскиот регион
- ✓ Акционен план за спроведување на Програмата
- ✓ Годишна листа на усвоени проекти
- ✓ Проекти за кои што се обезбедени средства за реализација, износ на средства, временска рамка, партнери,
  - Проекти во планскиот регион што се финансираат во тековната година од Буџетот на државата
  - Проекти во планскиот регион што се финансираат во тековната година со средства од ЕУ (на пр. ИПА Програмите за прекугранична соработка) и од други донатори
- ✓ Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион,
- ✓ Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на планскиот регион,
- ✓ Одлуките донесени на седницата на Советот на планскиот регион, како наслови,
- ✓ Календар на настани кои што ги организира планскиот регион, вклучително и на Регионалните форуми,
- ✓ Информација за механизмот кој што се користи за вклучување на граѓаните - Регионалните форуми, со опис на чекорите, начинот на информирање на граѓаните, начинот на пријавување на нивното учество, очекувањата од

учеството на граѓаните, во смисла на кој начин тие можат да го дадат својот придонес и слично.

- ✓ Организација и вработени во Центарот за развој, одговорности и контакти,
- ✓ Список на бизнис асоцијации, граѓански организации, научни и образовни институции во планскиот регион,
- ✓ Општи податоци за главните развојни карактеристики и потенцијали на планскиот регион
- ✓ Општините во планскиот регион со контакти и линкови до нивните веб страници
- ✓ Линк до Бирото за рамномерен регионален развој, до Министерството за локална самоуправа, до најголемите донатори со кои што реализираат проекти,
- ✓ Листа на информации од јавен карактер и службено лице со контакти.

Особено внимание се посветува на финансиската транспарентност. Затоа сите финансиски документи во работењето на планскиот регион се целосно и разбирливо презентирани. Во рамките на веб страната на ЦРИПР постои јасно издвоен дел каде на прегледен се достапни сите информации за:

- ✓ усвоениот Финансиски план,
- ✓ завршните сметки,
- ✓ годишниот план за јавни набавки,
- ✓ целосни информации за секоја спроведена јавна набавка или линк кој што води директно до конкретната јавна набавка на единствениот електронски портал за јавни набавки.

Исто така, со минимум стандардите на транспарентност се опфаќа и процесот на подготовка на планските документи. Во таа насока на веб страната на ЦРИПР се објавени:

- ✓ Предлог програмата за развој на планскиот регион
- ✓ Предлог Акциониот план за спроведување на Програмата
- ✓ Предлог листите на проекти кои што се утврдуваат во консултација со засегнатите страни, врз основа на што може да се видат кои се адресираните потреби во регионот за тековната година, како и да се спореди кои од предлозите Советот ги има земено предвид при усвојувањето на конечната листа.
- ✓ Информации за спроведениот процес на консултација при утврдувањето на предлог листата на проекти за тековната година, за учесниците, како и применетиот модел на консултација.

8. Анализа на можните ризици

Во Табелата 8 се анализирани можните ризици при изработка и спроведување на Акциониот План 2023 вклучително и веројатноста истите да се случат и интензитетот на нивното влијание доколку се случат, а исто така идентификувани се можни мерки за ублажување на последиците.

Табела 8. Идентификација на можните ризици при при изработка и спроведување на Акциониот План 2023

#	Можни ризици	Веројатност да се случат (мала, средна, голема)	Влијание ако се случат (мало, средно, големо)	Мерки за ублажување на последиците
1.	Голем број на проекти во АП 2023 немаат обезбедено извори на финансирање	Средна	Средно	Активно барање на извори на финансирање од страна на одговорните институции/ организации
2.	Одреден број на проекти во АП 2023 немаат точен буџет туку проценка	Средна	Мало	Изработка на технички документации со предмер и пресметка за да се одредат точните износи
3.	Променети приоритети/ буџети на Програмите на ресорните министерства/ агенции поради глобалната криза	Средна	Средно	Активно следење на програмите на ресорните министерства; Интензивна двосмерна комуникација; Проактивен пристап на одговорните институции/ организации
4.	Доцнење при одобрување на проектите од страна на ресорните министерства / агенции	Средна	Средно	Темелна и навремена подготовка на проектните предлози; Интензивна двосмерна комуникација; Проактивен пристап на одговорните институции/ организации
5.	Доцнење на одобрувањето на Програмите од ЕУ ИПА 3 2021 - 2027	Мала	Средно	Интензивна двосмерна комуникација; Проактивен пристап на одговорните институции/ организации
6.	Преклопување на дел од проектите што се спроведуваат од различни засегнати страни	Мала	Мало	Подобра координација и меѓусебно информирање на засегнатите страни
7.	Засегнатите страни од регионот не доставуваат податоци за спроведените проекти до ЦРИПР	Средна	Средно	Подобра координација и меѓусебно информирање на засегнатите страни
8.	ЦРИПР нема податоци за статусот на проектите што се спроведуваат од страна на ресорните министерства/ агенции, а кои се наведени како приоритетни во националната Стратегија за рамномерен регионален развој 2021 - 2031	Средна	Средно	Проактивен пристап на ЦРИПР во барање на информации за статусот на проектите; Проактивно вклучување на СРИПР; Подобра координација и меѓусебно информирање
9.	Засегнатите страни од регионот немаат интерес за	Мала	Средно	Информирање на засегнатите страни од

	спроведување на проекти од АП 2023			страна на ЦРИПР
10.	Во АП 2023 преовладуваат приоритетите на одредени општини	Мала	Средно	Вклучување на сите засегнати страни при одлучување за приоритетите; Објавување на АП 2023 на веб страницата на ЦРИПР
11.	Многу малку проекти во АП 2023 имаат регионална димензија и влијание	Мала	Средно	Дефинирање на критериуми за проекти со регионална димензија; Презентирање на добри практики – спроведени проекти со регионална димензија и влијание

9. Надлежни институции за спроведување на мерките на регионалниот развој

Законот за рамномерен регионален развој како носители на регионалните развојни политики ги дефинира: Владата на РСМ, Советот за рамномерен регионален развој на РСМ, Министерството за локална самоуправа и Советот за развој на планскиот регион, додека пак во планирањето на регионалниот развој и спроведувањето на планските документи за регионален развој учествуваат и Бирото за регионален развој, Центарот за развој на Источниот плански регион и 11-те единици на локалната самоуправа во рамките на Источниот плански регион: Берово, Виница, Делчево, Карбинци, Зрновци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип.

Советот за развој на Источниот плански регион (СРИПР) е одговорен за креирање на развојната политика на планскиот регион преку креирање на стратешките документи за регионален развој, организирање и координација на активностите за следење и оценување на спроведувањето на планските документи за регионален развој, координација на активностите на единиците на локална самоуправа, државните институции во рамките на регионот коишто дејствуваат во областа на регионалниот развој и здруженијата на граѓани, како и промоција на прекуграничната соработка со региони од други земји врз основа на заеднички интереси.

Центарот за развој на Источниот плански регион (ЦРИПР) е основан од страна на единиците на локална самоуправа од Источниот плански регион со цел вршење на стручни работи од значење за регионалниот развој. ЦРИПР ги изготвува планските документи и подготвува и имплементира проекти за развој на Источниот регион обезбедувајќи истовремено и стручна помош за едниниците на локална самоуправа при изготвување на нивните плански документи. За својата работа ЦРИПР одговара пред СРИПР.

Единиците на локална самоуправа се надлежни за обезбедување информации и ресурси за квалитетна подготовка и имплементација на регионалните проекти, а исто така и за ефективна реализација на локалните проекти, како и оние наменети за развој на урбаните подрачја, подрачјата со специфични потреби и развој на селата.

Одржлив регионален развој се постигнува врз основа на целосна институционална координација за ефикасно искористување на достапните финансиски средства врз основа на што се овозможува спроведување на развојните регионални програми, во овој случај, Програмата за развој на Источниот плански регион. Оттука, со овој Акционен План за 2023 година се создава подлогата за ефикасно функционирање на системот за поддршка на регионалниот развој на Источниот плански регион којшто

вклучува и елементи на поттикнување на соработка со граѓанскиот и приватниот сектор и претставува оперативна рамка за соработка со соодветните министерства, владини институции, донатори и другите засегнати страни во спроведувањето на политиката за регионален развој.

10. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој Акционен план за 2023 година за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026, влегува во сила со денот на неговото донесување

Совет за развој на Источен плански регион
Претседател
Љупчо Папазов

_____

